Во **ФД ФИНМАК**, нашата мисија е едноставна – да овозможиме брзи, транспарентни и достапни финансиски решенија за сите. Како една од водечките небанкарски институции во земјата, го градиме успехот врз темели на доверба, иновација и професионализам. Нашиот тим се состои од професионалци од областа на финансии, грижа за корисници и ИТ. Поради брз раст на компанијата, повикуваме амбициозни лица да аплицираат на позицијата:

# МЕНАЏЕР ЗА ПРОДАЖБА

Позицијата **Менаџер за продажба** е амбициозен и искусен професионалец кој ќе ја преземе одговорноста за водење на продажните активности во филијалите и контакт центарот.
Кандидатот ќе има стратешка и оперативна улога во зголемување на продажбата, унапредување на процесите и мотивирање на тимовите.

## ШТО НУДИ КОМПАНИЈАТА

- Полугодишна шема на бонуси
- Приватно здравствено осигурување
- Можност за да бидете дел од менаџерскиот тим
- Одличен тим составен од млади и ентузијастични професионалци
- Врвна технологија за професионална употреба

## ШТО СЕ ОЧЕКУВА ОД ВАС

**Стратешко планирање и развој**
- Подготовка и имплементација на стратегија за продажба за филијалите и контакт центарот
- Анализа на пазарот, трендовите и конкуренцијата со цел предлагање нови производи и услуги
- Поставување цели за продажба и дефинирање KPI индикатори за тимовите

**Управување со тимови**
- Организација, водење и мотивирање на тимовите во филијалите и контакт центарот
- Следење на индивидуалните резултати и развивање планови за подобрување на ефикасноста
- Организирање редовни обуки и коучинг за продажни вештини и услуга на клиенти

**Следење и анализа на резултати**
- Подготовка на месечни, квартални и годишни извештаи за продажба
- Континуирана анализа на перформансите на филијалите и контакт центарот
- Идентификување проблеми и предлагање мерки за оптимизација

**Зголемување на продажбата и квалитетот на услугата**
- Дизајнирање и предлагање кампањи за стимулирање на продажбата
- Воведување програми за лојалност на клиенти и подобрување на клиентското искуство
- Следење на повратните информации од клиентите и иницирање на подобрувања

**Комуникација и координација**
- Соработка со маркетинг и други оддели за имплементација на заеднички активности
- Редовна комуникација со менаџментот и давање препораки за раст на продажбата
- Учество во подготовка на буџети и развојни планови за филијалите



**Доколку верувате дека вашата енергија, идеи и лидерство можат да ја однесат продажбата на следното ниво — сакаме да Ве запознаеме! Аплицирајте уште денес на vrabotuvanje@tigo.mk!**

Изборот ќе се изврши согласно условите и роковите во Законот за работните односи. ФД ФИНМАК ДОО го задржува правото да не избере ниту еден кандидат.

Со аплицирање, кандидатот изјавува дека е согласен неговите лични податоци наведени во прикачените документи да бидат собрани и обработувани од ФД ФИНМАК ДОО, во согласност со Законот за заштита на лични податоци. Кандидатот изјавува дека е запознаен дека неговите лични податоци се собираат и обработуваат со цел избор на кандидат за позицијата за која аплицира, како и за контакт во случај на отворање на нови позиции кои одговараат на профилот на кандидатот, и се чуваат во времетраење од 1 година. Кандидатот има право во секое време да ја повлече дадената согласност за чување и обработка на неговите лични податоци.